ФЕВРУАРИ–МАРТ 1980 ГОДИНА XXII БРОЈ 2-3

YUJSSN0034-0227

# РАЗГЛЕДИ

*АЛЕКСАНДАР АЛЕКСИЕВ:* РЕВОЛУЦИОНЕРОТ, ПАТРИОТОТ И ПОЕТОТ НИКОЛА ВАПЦАРОВ (1909-1942)
*ВЛАДИМИР КОСТОВ:* РАСТУРАЊЕ НА МАГИЈАТА
*ЈОВАН СТРЕЗОВСКИ:* ДЕВЕТ ПЕСНИ
*ИВИЦА ЦЕПАРОСКИ:* ПРОЛЕГОМЕНА КОН ГРАМШИЕВАТА ФИЛОЗОФИЈА НА ПРАКТИКАТА
*КРСТЕ ЧАЧАНСКИ:* КОСТАДИНКА
*ГОРАН БАБИЌ:* КАКО СЕ УЧИ ЉУБОВТА
*БРАНКА НИКОЛИЌ:* ХОРОВИ КОМПОНИРАНИ НА ТЕКСТОВИ ОД ПЕСНИ НА КОЧО РАЦИН
*ИВАН ИВАНОВСКИ:* ОТКРИВАЊА (I)

простори на зборот

*ОДИСЕАС ЕЛИТИС:* ПЕТ ПЕСНИ
*ПАСКАЛ ГИЛЕВСКИ:* ТРИУМФОТ НА ОДИСЕАС ЕЛИТИС

сведоштва

*МАНОЛ ПАНДЕВСКИ:* НАЦИОНАЛНОТО ПРАШАЊЕ ВО МАКЕДОНСКОТО РЕВОЛУЦИОНЕРНО ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ ОД КРАЈОТ НА XIX И ПОЧЕТОКОТ НА XX ВЕК

преведен есеј

*КВЕНТИН БЕЛ:* КРИТИЧАРОТ НА УМЕТНОСТА И ИСТОРИЧАРОТ НА УМЕТНОСТА

критички фрагменти

*КАТИЦА ЌУЛАВКОВА:* ПОИМОТ И ПОЕЗИЈАТА
*ЦВЕТАН ГРОЗДАНОВ:* СРЕДНОВЕКОВНИОТ ЖИВОПИС ОД МАКЕДОНИЈА ВО СТУДИЈАТА НА ВОИСЛАВ Ј. ЃУРИЌ ЗА ВИЗАНТИСКИТЕ ФРЕСКИ ВО ЈУГОСЛАВИЈА
*ЛИЛЈАНА НЕДЕЛКОВСКА:* ЛАЗАР ЛИЧЕНОСКИ
*ТРАЈАН ВИТЛАРСКИ:* СТИЛСКАТА СИНТЕЗА И ПРАГМАТИЧНАТА НАСОЧЕНОСТ ВО ТВОРЕШТВОТО НА МАКЕДОНСКИОТ МОНУМЕНТАЛИСТ БОРКО ЛАЗЕСКИ
*ВЛАДИМИР ВЕЛИЧКОВСКИ:* ЦРТЕЖОТ ВО МАКЕДОНИЈА 1979Г.
*МИРОСЛАВ МУШИЌ:* МЕТАЛОТ И СТАКЛОТО НА ТОМЕ АНДРЕЕВСКИ
*НАСО БЕЌАРОВСКИ:* БИБЛИОГРАФИЈА НА МАКЕДОНСКАТА ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

– Скопје –

# РАЗГЛЕДИ

**СПИСАНИЕ ЗА ЛИТЕРАТУРА УМЕТНОСТ И КУЛТУРА**



**Уредуваат**

Драган БОЈАЏИЕВ, Благоја ИВАНОВ (главен и одговорен уредник), Србо ИВАНОВСКИ, Данило КОЦЕВСКИ (заменик главен уредник) и Борис ПЕТКОВСКИ

**Издавачки совет**

Димитар СОЛЕВ (претседател), Томе АНДРЕЕВСКИ, Цветан ГРОЗДАНОВ, Љупчо ДИМИТРОВСКИ, ВУКОСАВА ДОНЕВА, Љубомир ЈАКИМОВСКИ, РИСТО КАЛЧЕВСКИ, Матеја МАТЕВСКИ, Димче НИКОЛЕСКИ, Божидар НАСТЕВ, Михаил РЕНЏОВ, Веле СМИЛЕВСКИ, *ДУШАН ТОМОВСКИ* Милан ФИРФОВ Стево ЦРВЕНКОВСКИ и Вера ЧЕЈКОВСКА

лектор: Димче Биљановски

коректор: Бранислав Грковски



Излегувањето на списанието е овозможено од материјалната поддршка на Републичката заедница за културата.

---

**Редакција и администрација**

91000 Скопје ул. „Иво Рибар-Лола" бб (поранешна зграда на Ложилница, спроти фабриката „Алумина") тел.: 226–965
Пошт. фах 345, чековна сметка бр. 40100–678–7246
Годишна претплата 200,00 дин., полугодишна 100,00 дин., одделен број 20,00 дин., двоброј 40,00 дин. Годишна претплата за странство 400,00 дин., полугодишна 200,00 дин. одделен број 40,00 дин., двоброј 80,00 дин.
Редактирањето на бројот заклучено на 20.02.80 год.
Ракописите не се враќаат

Печатено во РО НИП „Нова Македонија",
ООЗТ Печатница – Скопје
Тираж: 1000 примероци

# МЕТАЛОТ И СТАКЛОТО НА ТОМЕ АНДРЕЕВСКИ

## *Изложба во Музејот на применетата уметност во Белград*

Развојот на индустрискиот дизајн во Македонија тесно е врзан за неколку автори, а меѓу нив истакнато место зазема Томе Андреевски, којшто веќе две децении со многу успех работи во производството на стакло, метал, опремањето на ентериери, обликувањето значки, накити, штафети.

Олку значајно место во индустриското обликување Андреевски заседе, зашто веднаш по завршувањето на Академијата за применета уметност во Белград во 1959 година се вклучи во работна организација, во производството, за разлика од мнозина дизајнери што својата уметничка работа ја засновуваа токму надвор од производниот труд, се занимаваа превасходно со уникатното обликување.

Потчинувањето на законитостите на производните процеси, технолошките можности во Индустријата за стакло и стаклени влакна во Скопје не значеше „запоставување" и на личните истражувања во обликувањето на стаклото и на металот, на изнаоѓањето чисти и изразни форми, во кои уметничката вокација доаѓа до израз. Можноста индивидуалниот уметнички сензибилитет да се изрази и на овој начин предизвика разновидни определувања кај Андреевски, така што овие склоности можат да се идентификуваат како израз на скулпторско-пластични, повеќе или помалку декоративни, и утилитарни својства на стаклото. Во одделни дела се мешаат разновидни својства, кај едни тоа е одраз на експериментирањето, а кај други со различна уметничка постапка даваат чисто скулпторски или утилитарни форми.

Вториот меѓународен симпозиум за обликување на стаклото во Параќин во 1979 година, во којшто учество зеде и Томе Андреевски потврди дека утилитарните својства на стаклото се наоѓаат во „втор план". Без обѕир на тоа, делата на Андреевски се свежината и оригиналноста на изразот имаа извонреден творечки дострел.

Без сомневање, ориентацијата кон литературни својства, и покрај низата тешкотии, во делот од творештвото врзано за Скопската стакларница доведе до нови спознавања за можностите на дизајнот, што ги афирмира Андреевски на најдобар можен начин. Се чини дека токму во периодот на соработката на Андреевски со Скопската индустрија се поставени темелите на современото индустриско обликување, што денеска иако е со скромни размери, има значајни претставници.

Потврди за тоа организирање на Бирото за индустриско обликување во работната организација, поставувањето основни насоки со кои значењето и

местото на индустрискиот дизајн се недвосмислено определени, стануваат дел на деловната политика на работната организација.

Во „Моментот" кога ја спроведе политиката на индустрискиот дизајн во Индустријата за стакло во Скопје, со која заедно или самостојно доби голем број значајни признанија во областа на дизајнот на предметите од стакло и во другите области, преминува во нова средина, во фабриката за безалкални стаклени влакна во Гостивар, како раководител на Бирото за развој, маркетинг и дизајн. Станува покренувач, креатор и реализатор на политиката на индустрискиот дизајн. Не станува збор, значи, за нова улога, туку за една систематска работа, во која не е доволно само да обликуваш, туку и да се избориш за тоа добро обликуваните предмети и да се произведуваат според современите принципи на индустрискиот дизајн.

На обликувањето на стаклото и на металот Томе Андреевски му пристапува како скулптор, во пошироката смисла на тој збор, гледајќи чисти облици, во кои, како се во прашање употребни предмети (чаши, сервиси, дозни за цигари, чинии), се застапени сите аспекти на обликувањето; слободно може да се каже тоа е цврст спој на естетското и утулитарното. Непрестајно истражувајќи во поглед на формата, бојата и обработката, Андреевски обликува за човекот – сервисите од стакло, пепелниците, чашите со јасните форми и изразитите облици ги покажуваат можностите на стаклото како материјал во широкиот спектар на уметничката постапка, од една страна, и на металот (главно тоа е бакарот), од друга страна. Колку што се предметите од проѕирно стакло на вистината на обликувањето со својот едноставен-чист облик, толку рустичните, по малку грубите површини на предметите од стакло се поизразити, зашто го носат во себе печатот на дизајнерот и на поднебјето во кое живее.

Бакарните садови, чиниите, послужавниците, накитот, покрај современите облици носат во себе и фолклорен орнамент, во обликувањето на плакетите и значките нешто помалку, што го потврдува фактот дека елементите на минатото можат да бидат извор за современи облици, да им дадат нота на посебност и несомнено богатство. Поставката во Музејот на применетата уметност опфаќајќи ги речиси сите фази од творештвто на Андреевски (од 1961 до 1979 година) ја покажа оваа нишка во целосна светлина.

Без сомневање, творештвото на Андреевски треба да се посматра и од овој аспект, зашто тој, пред сѐ, е скулптор, па потоа дизајнер во потесната смисла на зборот. Како еден од поинерите на современата пластична уметност, кон обликувањето пристапува надвор од надминатиот, но и натаму присутен принцип кај нас дека „функцијата го диктира обликот; обликот кај него настанува, според современите принципи во кои естетското, ергономското и утилитарното се рамноправни елементи; во одделни предмети постигнува целосна согласност на овие принципи.

Кај скулпторско-пластичните, повеќе или помалку декоративни дела од стакло или од метал доаѓа до надмоќност на одделните елементи, меѓутоа, на штета на другите (накитот, релјефите). Непрестајниот истражувачки дух на Андреевски кон изнаоѓање нови – почисти форми кај металните скулптури од камерен карактер е потврда за особеност за обликување на стаклото и металот. Доволно е да се споменат зборовите на Паскал Гилевски изречени во предговорот на каталогот на изложбата: „Без сомневање, најважен момент за големиот успех на стакларскиот и другиот дизајн на Томе Андреевски е тоа што тој првенствено е скулптор со извонреден талент и со широка култура, еден од пионерите на модерната уметност, во која се истакна особено како

мајстор на чистото и изразително обликување, како превасходен иноватор на формата и како застапник на најсовремените вајарски идеи и метафори", и тогаш ќе може да се сфати обликувањето на Андреевски.

По којзнае кој пат се потврди дека и широкото творечко поле не влијае да се намали квалитативното ниво на делата настанати во одделни области или да се понесе „отисокот" на друг.

Со сигурност може да се каже дека творештвото на Томе Андреевски е повеќе од знак на рабошот на македонскиот дизајн и на применетата уметност, и дека не се работи само за „работен човек", како што се изрази еден ликовен критичар ами за веќе силно и богато творештво што на изложбата во Белград ги потврди порано изречените зборови дека Андреевски претставува еден од најзначајните творци не само во македонската, туку и во југословенската култура.

*Мирослав А. МУШИЌ*

(Превел: Д. Билјановски)

СПИСАНИЕ ЗА ЛИТЕРАТУРА
УМЕТНОСТ И КУЛТУРА
ФЕВРУАРИ – МАРТ
1980 БР. 2–3

# РАЗГЛЕДИ

СОДРЖИНА

*АЛЕКСАНДАР АЛЕКСИЕВ:* РЕВОЛУЦИОНЕРОТ, ПАТРИОТОТ И ПОЕТОТ НИКОЛА ВАПЦАРОВ (1909-1942) .......... 135
*ВЛАДИМИР КОСТОВ:* РАСТУРАЊЕ НА МАГИЈАТА .......... 147
*ЈОВАН СТРЕЗОВСКИ:* ДЕВЕТ ПЕСНИ .......... 159
*ИВИЦА ЦЕПАРОСКИ:* ПРОЛЕГОМЕНА КОН ГРАМШИЕВАТА ФИЛОЗОФИЈА НА ПРАКТИКАТА .......... 162
*КРСТЕ ЧАЧАНСКИ:* КОСТАДИНКА .......... 181
*ГОРАН БАБИЌ:* КАКО СЕ УЧИ ЉУБОВТА .......... 188
*БРАНКА НИКОЛИЌ:* ХОРОВИ КОМПОНИРАНИ НА ТЕКСТОВИ ОД ПЕСНИ НА КОЧО РАЦИН .......... 197
*ИВАН ИВАНОВСКИ:* ОТКРИВАЊА (I) .......... 204

простори на зборот

*ОДИСЕАС ЕЛИТИС:* ПЕТ ПЕСНИ .......... 220
*ПАСКАЛ ГИЛЕВСКИ:* ТРИУМФОТ НА ОДИСЕАС ЕЛИТИС .......... 227

сведоштва

*МАНОЛ ПАНДЕВСКИ:* НАЦИОНАЛНОТО ПРАШАЊЕ ВО МАКЕДОНСКОТО РЕВОЛУЦИОНЕРНО ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ ДО КРАЈОТ НА XIX И ПОЧЕТОКОТ НА XX ВЕК .......... 230

преведен есеј

*КВЕНТИН БЕЛ:* КРИТИЧАРОТ НА УМЕТНОСТА И ИСТОРИЧАРОТ НА УМЕТНОСТА .......... 239

критички фрагменти

*КАТИЦА ЌУЛАВКОВА:* ПОИМОТ И ПОЕЗИЈАТА .......... 260
*ЦВЕТАН ГРОЗДАНОВ:* СРЕДНОВЕКОВНИОТ ЖИВОПИС ОД МАКЕДОНИЈА ВО СТУДИЈАТА НА ВОИСЛАВ Ј. ЃУРИЌ ЗА ВИЗАНТИСКИТЕ ФРЕСКИ ВО ЈУГОСЛАВИЈА .......... 264
*ЛИЛЈАНА НЕДЕЛКОВСКА:* ЛАЗАР ЛИЧЕНОСКИ .......... 270
*ТРАЈАН ВИТЛАРСКИ:* СТИЛСКАТА СИНТЕЗА И ПРАГМАТИЧНАТА НАСОЧЕНОСТ ВО ТВОРЕШТВОТО НА МАКЕДОНСКИОТ МОНУМЕНТАЛИСТ БОРКО ЛАЗЕСКИ .......... 274
*ВЛАДИМИР ВЕЛИЧКОВСКИ:* ЦРТЕЖОТ ВО МАКЕДОНИЈА ВО 1979 281
*ЗАТВОРЕНИОТ СВЕТ НА ИНТИМАТА И СОЛИДНИ НАВЕСТУВАЊА* .. *285*
*МИРОСЛАВ МУШИЌ:* МЕТАЛОТ И СТАКЛОТО НА ТОМЕ АНДРЕЕВСКИ .......... 286
*НАСО БЕЌАРОВСКИ:* БИБЛИОГРАФИЈА НА МАКЕДОНСКАТА ЛИКОВНА УМЕТНОСТ .......... 289